АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

До
Друштвата за осигурување во Република Македонија

*Циркуларен допис*

Скопје,25.02.2014 година

Предмет: Појаснување во врска со пополнување на Извештајот за вреднување на ставките од Билансот на состојба

Почитувани,

Ви се обраќаме во врска со пополнувањето на Извештајот за вреднување на ставките од Билансот на состојба согласно направената измена на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси („Службен весник на Република Македонија" бр. 169/2010 и 141/2013).

Со цел да се постигне еднообразност во известувањето на сите друштва за осигурување и точно пополнување на Извештајот за вреднување на ставките во Билансот на состојба согласно последните измени на Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси, Ве молиме да ги имате во предвид следниве укажувања на Агенцијата за супервизија на осигурување:

1. За побарувањата по основ на премија за осигурување и побарувања по основ на регрес кај <u>кои договорениот рок на доспевање утврден во договорот (полисата) за осигурување, односно анексот кон договорот, е после датумот на изготвување на финансиските извештаи, а истовремено за истите не е истечена скаденцата на осигурување,</u> согласно Правилникот за методот за вреднување на ставките од билансот на состојба и изготвување на деловните биланси, не се издвојува исправка на вредност и истите се внесуваат во колоната 3 (Недоспеани побарувања) во Извештајот ВС-1 (Побарувања по основ на премија за осигурување и по основ на регрес) од Правилникот за формата и содржината на Извештајот за вреднување на ставките во Билансот на состојба.
2. За побарувањата по основ на премија за осигурување,премија за осигурување и побарувања по основ на регрес кај кои договорениот рок на доспевање утврден во договорот (полисата) за осигурување, односно анексот кон договорот, е после датумот на изготвување на финансиските извештаи, а истовремено за истите е истечена скаденцата на осигурување, се издвојува исправка на вредност во износ од 100% од износот на побарувањето, почнувајќи од првиот ден на истек на скаденцата по договорот за осигурување, без оглед на периодот на доцнење во исполнување на обврската од страна на должникот. Овие побарувања се внесуваат во колоните 19, 20 и 21 во Извештајот ВС-1 – наменети за доспеани побарувања над 365 дена. Во истите колони (19, 20 и 21), исто така, треба да бидат искажани и побарувањата од правни лица против кои е покрената стечајна постапка за кои се врши во износ од 100% од износот на ваквите побарувања, без оглед на периодот на доцнење во исполнување на обврската од страна на должникот.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

За целите на водење на аналитичката деловна евиденција, истакнуваме дека побарувањата наведени во точка 1 и 2 од овој допис имаат третман на недоспеани побарувања, без оглед што во однос на побарувањата наведени во точка 2 се издвојува исправка на вредност и истите за целите на изготвување на Извештајот ВС-1 се прикажуваат во колоната за доспени побарувања.

Со цел поголема аналитика за горенавдените побарување, доколку сметаат за потребно, друштвата во сметководствено аналитичката евиденција може да развијат дополнителни субаналитички конта на кои посебно ќе се евидентираат Недоспеаните побарувања во однос на кои не е истечена скаденцата на осигурување и Недоспеаните побарувања со истечена скаденцата на осигурување (по исклучок: побарувањата по основ на должници во стечај се евидентираат како доспеани побарувања).

Горенаведените укажувања, друштвата за осигурување треба да ги имаат во предвид при изготвување на извештаите за четвртото тромесечје (квартал) од 2013 година.

Со почит,

д-р Климе Попоски

Претседател на Советот на експерти